# И З В Е Ш Т А Ј

*за реализација на Програмата за локален економски развој*
*на Општина Крива Паланка за 2023 година*

Извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој за 2023 година претставува збир на активности, кои се реализирани од страна на Одделението за јавни дејности и евроинтеграции за периодот од 01.01 до 31.12. 2023 година. Основна заложба на општината, преку одделението за локален економски развој и евроинтеграции, во изминатата година по однос на предметната програма беше мобилизација на сите локални ресурси и бизнис чинители во функција на подобрување на условите за развој на претприемаштвото и бизнис климата на локално ниво. Во голем дел од своите активности вработените во Одделението за локален економски развој и евроинтеграции беа фокусирани на подготовка и имплементација на проекти кои се од интерес на општината, во повеќе различни сектори и како поддршка на останатите одделенија во изготвување на проекти и документи, анализи и материјали, како што се водоснабдување, канализации изградба на локални патишта, изградба на детски игралишта.

Активностите во текот на 2023 година, согласно усвоената Програма за локален економски развој, биареализирани во следните области:

1. **Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на жените и мажите од заедницата и зголемување на конкурентноста на претпријатијата**

*1.1. Формирање на Локален Економски Совет на Општина Крива Паланка*

Во 2023 година, на јавен настан, со претходен повик до бизнис секторот, од членови на бизнис заедницата во Крива Паланка беше формиран Локален Економски Совет, во кој активно членство земаа претставници од стопанственици, управители и директори од повеќе разни компании од општината. Локалниот Економски Совет, кој брои 20 члена, има донесено Деловник за работа. Во текот на 2023 година беа одржани неколку консултативни и информативни работни состаноци, на кои беа презентирани тековните активности, програми и проекти што ги планира и имплементира општината, како и постоечки активни јавни повици за проекти и мерки за поддршка на бизнис секторот од страна на национални институции и субјекти и странски донатори.

*1.2. Анализа на потребите на локалните деловни субјекти*

Претставниците на бизнис секторот преку Локалниот Економски Совет беа јавно повикани за учество во процесот на креирање на позитивни полики за економски развој преку проактивно учество во буџетските и проектните форуми на општината, како и давање на активен придонес за креирање на програмските активности на општината за наредниот период. Од страна на Одделението за локален економски развој и евроинтеграции е изготвен прашалник до деловните субјекти, кој ќе биде доставен до бизнис субјектите, со цел да се добијат информации околу потребите за општите и специфичните потреби на бизнис секторот на локално ниво.

## 2. Подобрување на услугите на локалната самоуправа

2.1 *Воведување на ИСО 9001:9015 стандардот –II фаза*

Во 2023 година, општината продолжи со процесот на сертификација и подобрување на своите услуги преку финализирање на започнатиот процес на стандардизација и воведување и усвојување на ISO стандарди, согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитет и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во јавниот сектор, во согласност со барањата на стандардот МКС ЕН ИСО 9001:9015. Согласно барањата на стандардот МКС ЕН ИСО 9001:9015, заклучно со 01.10. 2023 година извршена е целосна ревизија на системот, со што се реализирани сите претпоставки за успешно завршување на III фаза од воведување на СУК, МКС ЕН ИСО 9001:9015, а тоа е добивање на сертификат на системот кој согласно планот треба да заврши заклучно со шести месец 2024 година.

## 3. Одржлив локален развој

*3.1. Поддршка на развојот на МСП и претприемништво*

Во рамки на проектот „Социо-економско јакнење на младите жени во Североисточниот Плански Регион на Република Северна Македонија", финансиран од Европска Унија, во организација на Центарот за управување со промени (ЦУП), а во тесна соработка со Одделението за локален економски развој и евроинтеграции, беа организирани и одржани четири обуки наменети за заинтересирани жени до 35 години за започнување на сопствен бизнис, согласно вештините и можностите кои тие ги поседуват.

*3.2. Унапредување на капацитетите и нивото на информираност на локалната бизнис заедница за пристап до капитал*

Општина Крива Паланка, во соработка со АДРА Македонија, организираше инфо ден во врска со повикот за мотивирани и заинтересирани граѓани, кои сакаат да отпочнат свој бизнис за одгледување на пчели, производство на мед и производи на мед, за напредни пчелари кои сакаат да го унапредат своето работење и да го подигнат на највисоко ниво во делот на органското производство и за пчелари, на кои им се потребни само одредени поправки на нивните пчеларници.

Во насока на поддршка на процесот на унапредување на нивото на информираност на локалната бизнис заедница за пристап до капитал, Општина Крива Паланка во соработка со Македонската асоцијација организираше инфо ден во врска со повикот за грантови за земјоделски задруги, кој е дел од активностите на проектот „*Конкурентни земјоделски задруги*", имплементиран од Македонската асоцијација на земјоделски задруги, заедно со здружението за бизниси и консултанти Креација.

## 4. Потикнување на развојот на земјоделството и руралниот развој

*4.1.Воведување на награда за најуспешен земјоделец*

Како пилот активност, предвидена со Програмата за локален економски развој за 2023 година, а во насока на промоција на развојот на земјоделието, општината воведе награда за земјоделец/ка на годината, кој во текот на годината постигнал најдобри резултати во текот на годината, согласно претходно утврден критериум. Критериумот и процесот беше утвредн и дефиниран со претходно донесен Правилник за уредување на условите, начинот и постапката за доделување на наградата, подготвен од страна на стручни служби од општината и вработени во МЗШВ и АФПРРЗ. Одлуката за доделување на наградата „Земјоделец/ка за 2023 година, беше донесена по распишан Јавен повик за доделување на награда „Земјоделец/ка за 2023 година во Општина Крива Паланка на кој беа пријавени седум (7) лица. Комисијата за оценка на пријави за доделување на наградата „Земјоделец/ка за 2023 година во Општина Крива Паланка изврши избор на добитник на наградата согласно критериумите. Наградата во износ од 30.000 денари беше доделена на Габриела Стојановска на свечен начин.

*4.2.Интензивирање на соработката со АФПЗРР, АПРЗ и МЗШВ и др.*

Општина Крива Паланка заедно со телото за управување со ИПАРД при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство организираше инфо-ден за мерките по програмата ИПАРД 3, со цел запознавање на потенцијалните корисници со можностите за користење на средства од програмата и постојано беше на располагање на локланите заинтересирани страни да подготват и поднесат апликација во целната програма, а како резултат на процесот на помош на бизнис заедницата се поднесените барања и издадените (3)три потврди на апликанти за инвестиција, која е во согласност со Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка, а им послужи како доказ во документацијата за аплицирање по ИПАРД програмата.

## 5. Подготовка на проекти и проектно управување

5.1. *Аплицирање на проекти по Програмите за рамномерен регионален развој, Програмата за финансиска поддршка на рурален развој и други програми*

Програма INTERREG VI-A ИПА Бугарија –Р.С.М
Програмски приоритет 1: Позелен пограничен регион
Проект: ПАРКС –Зачувување на областите преку регионално знаење и одржливост (PARKS –Preserving Areas throught Regional Knowledge and Sustainability)
Партнери: Општина Крива Паланка и Општина Дупница
Вкупна вредност: 987.118,08ЕУР

Проектот е аплициран во рамки на програмата и во почетокот на 2024 година се очекуваат резултати од процесот на евалуација на проектната апликација. Доколку проектот биде одобрен, со него е предвидено изградба на урбан парк во делот кај зградите испод населба Единство, покрај зелениот пазар, изработка на зелен катастар во урбаниот дел на градот и педолошка анализа на земјата во регионот, со цел изготвување на прирачник за озеленување на земјена површина, со растенија кои се најпогодни за даденото поднебје.

Програма INTERREG VI-A ИПА  Бугарија –Р.С.М
Програмски приоритет 3 Интегриран развој на прекуграничниот регион
Проект:Прекугранична атрактивност – смарт туризам во регионот Ќустендил – Крива Паланка – Невестино
Партнери:Општина Ќустендил, Општина Крива Паланка, Општина Невестино, Центар за Развој на Североисточен Плански Регион, Трговско индустриска комора Ќустендил, НУ Музеј Куманово.
Вкупна вредност:999.550 ЕУР

Проектот е аплициран на ниво на концепт нота во рамки на програмата и доколку истата биде одобрена, општината ќе аплицира со целосна апликација за финансирање. Проектот предвидува изградба на авантура парк на локалитетот на Калин Камен и имплементација на низа мерки за подобрување на условите за развој на туризмот во нашиот регион.

**Проекти во тек на реализација**

Во рамки на Програма за рамномерен регионален развој, преку Биро за регионален развој е аплициран и добиен проект Изградба на дел од локален пат Кр.Паланка–с.Варовиште–с.Кошари крак 1 во должина од 1км со проценета вредност од 10.000,00 денари. Имплементацијата се очекува во текот на 2024 година, како и проектот - Изградба на регулација на минор Корито на Крива река дел 4 во должина од 463 м. со вкупна вредност на проектот од 16.629.664,69 денари, исто така е аплициран и добиен и имплементацијата се очекува во 2024 година.

Во рамки на Програма за управување со водите за 2023 година, при Министерство за животна средина и просторно планирање, аплициран и добиен е проектот Регулација на дел од порој Домачки Дол во град Крива Паланка, со вкупна проценета вредност од 8.854.151,00 денари.

Во рамки на Програма за прекугранична соработка Србија – Северна Македонија 2016-2020 годинаспоред Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), распределби 2018, 2019 и 2020, Буџетска линија(и): BGUE-B2018-22.020401, BGUE-B2019-22.020401, BGUE-B2020-22.020401Референца: EuropeAid/173818/ID/ACT/Multi се потпиша договор за имплементација на проектот - Земја на легендите, во партнерство помеѓу Општина Крива Паланка и Град Лесковац. Проектот е со вкупна вредност од 206.610 евра, а во моментот е во тек процесот на имплементација, кој се очекува да заврши до крајот на 2024 година.

Во рамки на Програмата на УНДП -„Фонд за техничка документација“  во првиот повик за техничка документација за инфраструктурни проекти општината аплицираше и доби проект „Подобрување на животот на жителите од руралните средини“. Оваа Програма е финансиски поддржана од Шведска агенција за меѓународна соработка и Бирото за регионален развој, а се спроведува преку УНДП. Вкупна вредност на проектот е 1.917.878 денари, а општината учествува со кофинансирање од 402.755 денари. Во рамки на проектот, покрај креирање на Интегриран План за Локален Развој, ќе се имплементира:

-Изработка на техничка документација на ниво на урбанистички проект и основен проект за изградба на локален пат во с. Градец преку м.в. Милевци до спој со регионалниот пат Р2245 во Општина Крива Паланка.

- Изработка на проектна документација на ниво на урбанистички проект и основен проект за изградба на локален пат (со АБ мост на Крива Река) од спој со М-2 до м.в. Крстата Падина – Општина Крива Паланка

Во моментот на подготовка на извештајот, имплементацијата е во фаза на тендерирање за избор на проектант на наведените проекти.

Во рамки на Повикот за промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија - финансиран од Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, општината го имлементираше проектот - „Шопска софра 2023“ . Вкупна вредност на проектот е 119.963 денари, а општината учествуваше сопствено учество 25.000 денари.

Во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година, „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој“ потточка1.1. „Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија“, предлог за користење на техничка поддршка за организирање на манифестација од областа на земјоделството и руралниот развој од регионално и меѓународно значење на територијата на Р.С. Македонија, општината го имплементираше проектот „Фестивал на храната - Крива Паланка“ - во вкупна вредност од 1.200.000 денари.

Во рамки на Програмата за животна средина за 2023, општината аплицираше и имплементираше проект за Изградба и реконструкција на делови од атмосферска и фекална канализација во населба Баглак, Крива Паланка, со вкупна вредност од 3.970.875 денари.

Во рамки на Програмата за Зајакнување на општинските совети, поддржана од Швајцарска влада, Министерство за локална самоуправа, а имплементирана од УНДП, општината успешно го имплементираше проектот „Изградба на памптрак полигон за унапредување на туристичката понуда во Општина Крива Паланка“. Проектот е избран низ процес на буџетски форум, со учество на претставници на чинители од локалниот граѓански и бизнис сектор. Вкупен буџет на проектот е 4.008.240,00 денари, од кои 1.594.582 е кофинансирање од општината, согласно одобрената проектна програма и договорот за соработка со УНДП. Во рамки на проектот се имплементираа и низа на работилници и тренинг сесии со претставници на локалната самоуправа и локалниот општински совет, под менторство на експерти ангажирани од УНДП.

Во рамки на јавниот повик на Министерството за култура за распределба на капитална дотација за инвестициони проекти во областа на културата за 2023 година, општината аплицираше и доби проект Обезбедување на проектно-техничка документација за реконструкција и адаптација на зграта на НУ Центар за култура Крива Паланка.Со имплементација на овој проект е обезбедена техничка документација за адаптација и реконструкција на внатрешниот простор, како и уредување на аудиозиуелниот простор за потребите на културните настани, од страна на проектантот ТДПИГК „ПАРАМЕТАР“ ДООЕЛ Скопје. Вкупна проценета вредност на проектот беше 1.100.000, оо денари, од кои 800.000 беа обезбедени од Министерството за култура, а остатокот од 300.000 од буџетот на Општина Крива Паланка.

Во процесот на билателарна соработка со амбасади на странски земји во Реппублика Северна Македонија, општината подготви проекти кои дел од нив се веќе имплементирани, дел се во фаза на имплементација, а остатокот е во исчекување на резултати од евалуација на поднесените апликации:

- Во соработка со Амбасадата на Република Кина, општината доби донација од 105 корпи за отпадоци, кои се поставена на столбови во урбаниот дел на градот. Вкупна вредност на донацијата е 346.920,00 денари
- Во рамки на отворен повик на ГГП Програмата за мали грантови на Амбасадата на Јапонија во РС Македонија, подготвен е и аплициран проект за набавка на возило со специјални намени, за потребите на ЈП Комуналец со вкупна проценета вредност од 70.000 долари.
- Во рамки на отворен повик на Амбасадата на Република Бугарија во РС Македонија, општината аплицираше со уредување на паркот кај зградите во населба Бавчалак и истиот е во фаза на евалуација. На почетокот на 2024 година се очекуваат и резултатите од овој процес.
- Во рамки на отворениот повик за проекти на ЦМСР-Љубљана, преку Амбасадата на Република Словенија, општината аплицираше и го доби проектот „Зелена енергија за локалните институции", кој предвидува поставување на фотоволтаици на 5 објекти на општински институции. Вкупна проценета вредност на проектот е 100.000 евра од кои 50% е кофинансирање од страна на општината. Во моментот на подготовка на извештајот е избeрен изведувач на работите низ регуларна тендерска постапка и се очекува работите да завршат во почетокот на наредната година.

**6. Соработка со канцеларијата на СИПР**

Одделението за локален економски развој и евроинтеграции во текот на 2023 година беше во постојана и интензивна комуникација и соработка со Центарот за развој на Североисточниот плански регион. Активно и успешно учество имавме на регионалниот форум во Куманово во организација на СИПР, кој беше организиран со цел распределба на средства од буџетот на РС Македонија по Програмите за рамномерен регионален развој, Општина Крива Паланка учествуваше со два предлог-проекти кои беа рангирани највисоко во регионот и тоа:

1) Изградба на фаза 2 од пешачка патека Бабин Дол , кон Манастир Св.Јоаким Осоговски, и
2) Реконструкција на патен правец Манастир Св.Јоаким Осоговски – локалитет Калин Камен.

**7. Изработка на стратешка и друг вид на документација**

Со поддршка на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите", под покровителство на УСАИД е изработен План за локален економски развој на Општина Крива Паланка 2024-2027, кој е едногласно усвоен од со Одлука на страна на Советот на општина Крива Паланка

**8. Потикнување на развој на туризмот**

Вклучување на Крива Паланка во платформата Macedonia from above

Со цел унапредување на промоцијата на туристички и угостителски капацитети во Општина Крива Паланка, преку примена на ИТ алатки за промоција "Визуелен 360° туристички водич", како форма на поддршка на општината на угостителскиот сектор и

сопствениците на сместувачки капацитети на локално ниво, Општина Крива Паланка објави јавен повик за изразување на интерес за вклучување на локалните угостителски и сместувачки објекти во Проектот „Македонија на дланка – Визуелен 360° туристичко-географски водич низ Македонија“, т.е. 360° визуелно претставување на локации низ Општината на интернет сајтот „www.macedoniafromabove.mk“. Во рамки на проектот е креирано 360° панорами од воздух и од земја и нивно поврзување во визуелна прошетка, со додавање на информативни текстови на македонски и англиски јазик, како и дополнителни фотографии и видеа од угостителски и сместувачки објекти во зависност од можностите. Дополнително, како дел од договорот е и спроведување промотивна кампања за промоција на Општина Крива Паланка низ РС Македонија и ширум светот, на социјалните мрежи, претставување на саеми за туризам, како и на други медиуми/настани каде што ќе учествува изготвувачот на платформата, кој ќе врши и промоција на настаните кои ги организира Општината, и споделување на објави на Општината на социјалните мрежи, кои се однесуваат на туристички и културно-историски цели.

Во рамки на проектот се вклучени 10 најзначајни туристички локалитети во Општина Крива Паланка и 10 угостителски и сместувачки капацитети од општината. Вкупно обезбедени средства во висина од 60.000 денари

Одделение за локален економски развој и евроинтеграции
Р а к о в о д и т е л ,